**Врз основа на член 11 став 3 од Законот за игри на среќа и за забавните игри (Службен весник на РМ", бр.10/97 и 54/97), министерот за финансии донесува**

# П Р А В И Л Н И К
# за образецот на лозовите и томболските картички

**(Службен весник на РМ", бр.15/1998)**

**Важи од 27.03.1998 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на лозовите и томболските картички, што се употребуваат при приредувањето на игрите на среќа: лотарија, инстант лотарија и томбола.

## Член 2

Лозовите што се употребуваат при приредувањето на играта на среќа "лотарија" се изработуваат од бездрвна хартија во правоаголна форма со димензии 4 см. х 12 см., и рамка од 0,5 см.

Образецот на лозот од став 1 на овој член, од предната страна ги содржи следните елементи:

-во горниот дел се отпечатуваат зборовите, "игра на среќа лотарија", а под нив се отпечатува називот на приредувачот на играта;

-под називот на приредувачот на играта на левата страна се отпечатуваат зборовите "играта е одобрена со лиценца (одобрение)" и бројот и датумот на издавањето на лиценцата (одобрението), а на десната страна бројот на колото, бројот на лозот и датумот на извлекување;

-во средината се отпечатува зборот "лоз";

-под зборот "лоз" се отпечатува цената на лозот; и

-во долниот лев агол во рамката на лозот се отпечатуваат зборовите "препечатување е забрането".

На задната страна од лозот се отпечатуваат правата на имателот на лозот и тоа дека: добивката се исплатува на доносителот на лозот, по јавно објавување на извештајот од играта; дека подигањето на добивката застарува за 60 дена од денот на објавувањето; местото на подигање на добивките; емисија на лозовите; фондот на добивките; фондот на добивките и местото за печат на приредувачот на играта.

Основата на лозот може да биде зелена, сина или црвена боја, при што со поблаги тонови можат да се отпечатат симболи и знаци што ќе ги предложи приредувачот.

## Член 3

Инстант лозовите што се употребуваат при приредување на играта на среќа “инстант лотарија се изработуваат од тенка картонска хартија во правоаголна форма со димензии 6 см. х 12 см.

Образецот на лозовите од став 1 на овој член од предната страна ги содржи следниве елементи:

-Во горниот дел се отпечатуваат зборовите “игра на среќа инстант лотарија”, а под нив се отпечатува поблиското име на играта и назив на приредувачот на играта;

-Под називот на приредувачот на играта, на левата страна се отпечатува бројот на серијата, бројот на лозот и во покриен со емулзија правоаголник контролниот број на инстант лозот, а под него зборовите “негреби”;

-На десната страна во форма на правоаголник се отпечатени полиња покриени со емулзија во кои согласно правилата на играта се отпечатени броеви или симболи, а под нив зборовите “откриј ги полињата” и краток текст од правилата за добитната комбинација;

-Во средината се отпечатуваат зборовите “инстант лоз”; под зборовите “инстант лоз” се отпечатува цената на инстант лозот.

На задната страна од инстант лозот се отпечатуваат податоци за емисијата на лозовите и фондот на добивки и нивната распределба по добитни комбинации, печат на приредувачот исновни податоци за правата на играчот односно имателот на инстант лозот и тоа дека: добивката се утврдува со гребење на поголемиот правоаголник; местото на подигање на добивката, дека подигањето на добивката застарува 60 дена од последниот ден одреден за продажбаи адреса телефон на приредувачот.

## Член 4

Томболските картички се изработуваат од бездравна хартија во правоаголна форма со димензии 6 см. х 10 см. со една комбинација и 10 см. Х 10 см. со три комбинации.

Образецот на томболските картички од став 1 на овој член од предната страна ги содржи следните елементи:

-Во горниот дел се отпечатуваат зборовите “игра на среќа томбола”,а под нив поблиското име на играта и називот на приредувачот на играта, под кои се отпечатуваат броевите на серијата, бројот на томболската картичка и контролниот број;

-Под серијата, бројот на томболската картичка и контролнит број се отпечатува правоаголно поле со димензии 9 см. х 1,8 см., во кое се содржани 27 полиња распоредени во три хоризонтални редови од кои во пет во секој ред се отпечатени броеви од 1 до 90, додека другите четири полиња се без отпечатени броеви.

Томболската картичка со три комбинации ги содржи елементите од став 2 на овој член со тоа што содржи наместо едно три правоаголни полиња.

На задната страна на томболската картичка се отпечатуваат податоци за правата на играчот и тоа дека: добивката се исплатува на доносителот на томболската

картичка; дека правото на добивка застарува за 60 дена од денот на објавување на добивките; местото на исплата на добивките; податоци за фондот на добивките; видот на добивките и место за печат на приредувачот на играта.

Томболската картичка може да биде во една или во повеќе бои.

**Член 5**

Образецот на лозот, инстант лозот и томболската картичка се дадени во прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".